

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**

**3-10 јуни 2024 Билтен бр. 564**

# ЗЛАТО ЗА „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ" НА ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР ПО ПРВА ПОМОШ

**Во рамки на општинскиот натпревар по прва помош, кој се одржа минатата недела во паркот на Општина Ѓорче Петров, а во организација на Црвениот крст Карпош, учениците од ООУ ,,Јан Амос Комеснки", го освоија првото место помеѓу општинските училишта од Карпош и Ѓорче Петров. Основците, кои беа обучувани од лица волонтери од Црвениот крст Карпош, ја покажаа својата подготвеност и тимска работа на овогодинешниот општински натпревар, а кои ќе имаат можност достојно да ја представат Општината на Регионален натпревар по прва помош.**

**Имено, на натпреварот учествуваа 23 екипи од основните училишта од двете општини, а победничкиот тим беше составен од Никола Божевски-капитен, Ива Ивановска, Андреа Стевоска, Миа Џидрова, Ања Цветковска, Максим Ампов, Илин Митковски, а кои беа предводени од проф. Елизабета Теодосиевска , одговорен наставник за Клубот на Црвениот крст.**



# ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИТЕ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ СЕ ВРАТИЈА СО НАГРАДА ОД БЕРЛИН

**Учениците од 4в одделение од ООУ „Лазо Трповски“ (општина Карпош) освоија награда во рамки на Меѓународниот училиштен натпревар за воздушен и вселенски сообраќај 2024, кој традиционало се одржа во Берлин (Германија). Станува збор за заедничкиот проект „Летаме со Ербас“, кој го изработија четвртоодделенците во координација со двајцата наставници – ментори, Александра Неделковска – Петровска и Стефан Симовски.**

**Главен организатор на натпреварувањето беше Сојузното германско здружение за воздушна и вселенска индустрија од Берлин, во соработка со Сојузното министерство за економија и енергија на Германија и Сојузната конференција за образование и истражување на Германија. Во организацијата на ова елитно натпреварување учествуваа и реномираните Луфтханза Техник АД и концернот ЕАДС (во чиј состав влегува и познатиот производител на патнички авиони „Ербас“).**



# ПРВО И ТРЕТО МЕСТО ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**Со вкупно освоени 98 поени, седмоодделенката Ана Темјановска од ООУ „Владо Тасевски“ (општина Карпош) под менторство на наставничката Соња Деловска, го обезбеди првото место на Државниот натпревар по македонски јазик и литература за учениците од основно и средно образование, кој се одржа на 1. јуни 2024 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.**

**Одличен резултат постигна и нејзината соученичка Анастасија Ристовски, која под менторство на наставничката Деловска освои 85 поени, со што го зазеде третото место на ова елитно натпреварување. Во рамки на државниот натпревар, пофалници за учество добија и шестоодделенците Вук Карас и Максим Стомнароски, кои солидно ги подготви нивната наставничка-ментор, Марија Анѓелеска. На овој начин учениците од „Владо Тасевски“ успешно го претставија своето училиште како и општината од која што доаѓаат, притоа остварувајќи највисоки државни резултати.**

# ВТОРО И ТРЕТО МЕСТО НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД „ПЕТАР ПОП АРСОВ“

**Според официјалните резултати кои беа објавени од државниот натпревар по македонски јазик кој се одржа на 1. јуни на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, учениците од ООУ „Петар Поп Арсов“ постигнаа одлични резултати. Имено, ученичката Ива Бухова под менторство на наставничката Билјана Ромевски освои 91 поен, со што го обезбеди второто место на државниот натпревар. Солиден резултат постигна и ученичката Ева Симоновска под менторство на наставничката Марија Петкова која освои 85 поени, заземајќи го третото место на овој престижен натпревар.**

**Под менторство на наставничката Марија Танеска пофалници и респектабилен пласман обезбедија и шестоодделенките Ксенија Дабеска и Мила Кацкаровска. Со пофалници на истиот натпревар се закитија и Исидора Фидановска и Бисера Матоска. Учениците и нивните ментори со високо постигнатите резултати достоинствено го претставија своето училиште и општина Карпош, пред очите на академската јавност.**



# ОПШТИНА КАРПОШ ПРОДОЛЖУВА СО ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Општина Карпош продолжува со градежните активности. Овие денови се асфалтираат ударни дупки во УЗ "Владо Тасевски".**



# ВО КАРПОШ СЕ ОДРЖА ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ИЗВЕДБА НА „КАТИ“

**Во организација на училишниот спорт на Република Македонија под покровителство на Општина Карпош, денеска во СЦ „Борис Трајковски“ се одржа Државниот натпревар во изведба на карате техники или поточно „кати“, во кој учествуваа учениците од основните и средни училишта на територија на Македонија. Во рамки на спортскиот настан се натпреваруваа 79 каратисти од 41 училиште ширум нашата држава.**

**Во духот на традицијата, со својата прекрасна сценска изведба збогатена со живописните македонски мотиви и фолклорни обележја, настапија талентираните играорки од аматерското здружение Ансамбл „ЕТНОС“. Приутните ги поздрави претседателот на училишниот спорт на РМ, проф. Александар Туфекџиоски, а државното првенство го отвори градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.**



# ХУМАНИТЕ ГРАЃАНИ ДАРУВАА КРВ ВО ЧЕСТ НА ДИЏЕЈ ИЦКО

**Во рамки на планираните програмски активности на Секторот за развој на Општина Карпош, денеска во спортската сала на ООУ „Лазо Трповски" се одржа крводарителска акција во организација на локалната самоуправа. Веќе втора година по ред, иницијатор на оваа хумана акција е здружението ГАЛИЦКО, а истата се реализира во чест на карпошанецот диџеј Ицко, кој почина во време на корона пандемијата.  Инаку, ова здружение со седиште во Карпош и Галичник организира низа други настани од солидарен карактер.**

**Денешната акција во која учествуваат хуманите граѓани – крводарители, потоа, административците од Општина Карпош како и работниот персонал од детските градинки и основни училишта на територија на локалната самоуправа, започна во 9 часот и ќе трае до 17 часот попладне. Во таа насока Општина Карпош како општествено одговорна институција, изгради традиција на одржување на крводарителски акции уште од 2004 година, еднаш на пролет и на есен (по повод денот на Општината 3. ноември), на тој начин поттикнувајќи ги граѓаните да бидат хумани и да донираат крв.**



# ПРЕЗЕНТИРАН ПРИРАЧНИКОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ КАРПОШАНИ

**Претставници од невладината организација ТАКТ денеска во просториите на гимназијата „Никола Карев“ во Карпош 3, одржаа низа работилници со ученици од различни возрасни групи, при што го презентираа и прирачникот кој е креиран за потребите на проектот „Млади и вработување – Развој на вештини за вработување на младите во општина Карпош“.**

**Станува збор за проект којшто го реализира невладината ТАКТ со поддршка на Општина Карпош, а истиот има за цел да ги едуцира младите карпошани да развијат стручни вештини, кои потоа ќе им помогнат при процесот на вработување. Вредно за напоменување е дека овој проект е особено фокусиран кон младите карпошани кои се припадници на одредени маргинализирани групи, а исто така е насочен кон развојот на вештини на младите девојки кои живеат во Карпош. Наскоро, прирачникот ќе биде достапен на официјалната веб страница на невладината ТАКТ, како и на нивните профили на социјалните мрежи.**



# ВЛАЕВЧАНИ ДОБИЈА СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ СО НОВ ЛИК

**Во рамки на Програмата на Секторот за комунални и градежни работи, во делот на градежните активности, населбата Влае 1 доби ново фудбалско игралиште. Во изведба на градежната фирма ,,Мастев ДООЕЛ Скопје", а во висина од 2.977.908 денари, целосно се реконструираше фудбалското игралиште со вештачка трева и нови голови. На спортското игралиште поставена е и заштитна ограда. Ова е едно од трите фудбалски игралишта, покрај оние во населбите Нерези и Карпош 4, кои беа пуштени во употреба во изминатиот период.**



# АДМИНИСТРАТИВЦИТЕ ОД КАРПОШ ГО ОСВОИЈА ТРЕТОТО МЕСТО ВО СЕВКУПЕН ПЛАСМАН НА СИНДИКАЛНИТЕ ИГРИ ВО ОХРИД

**Синдикалната организација од Општина Карпош го освои третото место во севкупен пласман на 29. синдикални игри и средби, кои се одржаа минатиот викенд (6-9 јуни) во Охрид. Во рамки на синдикалните игри кои ги организираше Синдикатот на УПОЗ, учествуваа над 390 претставници од 32 синдикални организации од државава.**
**И на овие синдикални игри Општина Карпош покажа доминација во екипните спортови, па така, со златни медали се закитија машкиот тим во кошарка и мешаниот тим во одбојка, а бронза освоија женската кошаркарска екипа и мешаниот тим во влечење јаже. Во поединечните спортови освоивме сребрен медал во тенис, во женска конкуренција.**

**Синдикалната организација на Општина Карпош изразува голема благодарност до своите учесници на игрите за вложениот труд и постигнатиот успех, а особено до членовите на Советот на општината, како и до градоначалникот за изразената поддршка преку овозможување на соодветни услови за подготовка и достојно претставување на општината на синдикалните игри.**

